**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 09-684/5**

**Скопје, 04.11.2005 година**

**ДО**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за одбрана – средства од Буџетот на РМ, за 2004 година, кои се прикажани на страните 9 до 11.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Министерството за одбрана – средства од Буџетот на РМ за 2001 година и е дадено негативно мислење.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Владо Бучковски , министер во периодот од 01.11.2002 година до 16.12.2004 година и
   - Јован Манасиевски, министер од 17.12.2004 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 8, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 15.05.2005 до 01.08.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:
   - Танка Блажевска, Помошник на главниот државен ревизор;
   - Јадранка Бошкоска, Самостоен ревизор,
   - Љубица Тошевска, Виш Ревизор;
   - Сашко Геразов, Ревизор;
   - Милан Ракиќ, Помлад Ревизор и
   - Марина Величковска, Ревизор

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 21.10.2005 година со писмо бр. 09-684/4 примени се забелешки по претходниот извештај на овластениот државен ревизор. Истите се разгледани и е констатирано следното:

    - Министерството за одбрана по презентираните наоди во точките 10.3.4; 10.4.2. и 10.4.3. достави известување за превземените мерки што е предмет на посебна постапка регулирана со Законот за државна ревизија поради што истото не се смета како забелешка и не го менува наодот во Конечниот извештај.
    - Забелешките на точките 10.3.1. и 10.3.3., не се прифаќаат поради тоа што Министерството за одбрана не достави нови докази кои се во согласност со законските прописи и кои можат да ги оспорат наодите.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, се утврди следното:

### 11.1. Неправилна примена на акти

11.1.1. Врз основа на спогодби за надомест на нематеријална штета на физички лица, Министерството за одбрана исплатило 18.140 илјади денари. Ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на проценетите и исплатени надоместоци по однос на штети настанати како последица на воените дејствија на територијата на РМ, поради тоа што министерството нема донесено интерен акт со пропишани критериуми за проценка на нематеријалната штета. Ваквата состојба може да има за последица субјективен пристап при проценувањето и утврдувањето на надоместокот.

**Препораки и мерки:**

1. Министерот за одбрана да донесе интерен акт со утврдени критериуми за проценка на нематеријалната штета со што ќе се утврди рамка за реално и објективно постапување при исплатата на овој вид надоместок.

11.2. **Неправилност во искажувањето на приходите / расходите**

11.2.1. Во Билансот на приходи и расходи за 2004 година не се евидентирани приходи за 38.757 илјади денари, дозначени од тековната резерва на државата, раздел 09002 - функција на државата, спротивно на сметководственото начело на парично искажување, регулирано со Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Средствата се наменети за испратнини и докуп на стаж, посмртна помош и боледување над шест месеци, врз основа на решенија на министерот. За истиот износ не се искажани и расходи во Билансот на приходи и расходи, што има за ефект нереално прикажани финансиски извештаи за 2004 година.

**Препораки и мерки:**

1. Одговорните лица за финансии и сметководство да обезбедат целосна примена на буџетското начело на парично искажување согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, при што приходите и расходите, односно приливите и одливите на средства ќе се признаваат во пресметковниот период во кој настанале.

11.3. **Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба**

11.3.1. Министерството за одбрана нереално и необјективно ја прикажало вредноста на Постојаните средства во Билансот на состојба на 31.12.2004 година, поради нецелосно евидентирање на градежните објекти и опремата на министерството и целосно не евидентирање на опремата со која располага АРМ на РМ. За сите објекти и опрема министерството води материјална евиденција (евидентирани количини а не и вредности), поради што ревизијата не беше во состојба да го квантифицира износот на не евидентирани постојани средства. Исто така, сите промени на средствата кои настанале во текот на 2004 година поради ново набавени средства, продажба, отуѓување, подарување и слично, не се искажани во Билансот на состојбата, ниту промените во градежните објекти се искажани во материјалната евиденција. Ваквиот начин на работа не ни дава уверување дека Министерството за одбрана има целосна контрола врз движењето на основните средства во поглед на промената на сопственоста. Од овие причини не сме во можност да изразиме мислење за законското располагање и движење на постојаните средства.

11.3.2. Ревизијата не беше во можност да се увери во реалноста и објективноста на искажаната состојба на паричните средства на ден 31.12.2004 година на сметката - отворени акредитиви, која изнесува 21.662 илјади денари поради необезбеден доказ за фактичката состојба на овие средства. Имено, на ревизијата не и беа доставени на увид изводи од девизните сметки во странство на кои се префрлени овие средства, ниту во Извештајот на пописната комисија за средствата, побарувањата и обврските истите се споменуваат. Причината за ваквата состојба е



*ул: "Маршал Тито" - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:211-262, факс:126-311* ---------------------------------------

ненавремено доставена и евидентирана документација од воените аташеа во сметководството на министерството која ќе го оправда трошењето на овие средства. Според книговодствената евиденција на министерството и приложената документација ревизијата дојде до сознание дека овие средства претставуват трансфер на откупени девизи испратени во странство за тековни потреби на воените аташеа, за кои не е извршено раздолжување. Салдата потекнуваат од минати години и од 2004 година и не се преземени никакви мерки за нивно затварање.

Исто така, постоењето на паричните средства во благајната чија книговодствена вредност на ден 31,12,2004 година изнесува 854 илјади денари не е потврдено од страна на пописна комисија, спротивно на Законот и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Причини за ваквата состојба се ненавремено доставување и неажурно евидентирање на касовите извештаи од воените аташеа, кои во одредени случаи каснат по шест, односно девет месеци, како и по неколку години.

Ваквата состојба е резултат на несовесно и неодговорно однесување на лицата кои располагаат со средствата, што може да има за последица злоупотреба и ненаменско користење на државни пари.

Ревизијата констатира дека во Главната каса на министерството се чуваат парични средства (готовина), кои го пречекоруваат дозволениот износ на благајничкиот максимум од 150 илјади денари утврден со Решение 02/4604/1 од 29.07.1999 година.

11.3.3. Министерството за одбрана не спроведува сметководствена евиденција на залихите на:

- канцелариски и друг административен материјал
- униформи и работна облека
- обувки
- постелнини
- прехранбени продукти
- лекови
- санитетски и друг медицински материјал и
- материјали за одбраната.

Ревизијата не беше во можност да го квантифицира износот за кој се потценети позициите Материјали и Извори на деловни средства – Фонд на залиха на материјали од Билансот на состојбата на ден 31.12.2004 година, поради начинот на нивното евидентирање, само количински, а не и вредносно. Ваквиот начин на евиденција не ни дава уверување дека Министерството за одбрана има целосна контрола врз движењето на материјалите (прием и издавање во и од магацин и движењето помеѓу Воените пошти). Од овие причини не сме во можност да изразиме мислење за законското располагање и движење на истите.

11.3.4. На Позицијата - Вонбилансна евиденција од Билансот на состојба искажани се средства во вкупен износ од 1.102.261 илјади денари по основ на платени аванси кон добавувачи за набавка на опрема. Дадените аванси не се затворени или поради неизвршени обврски од страна на добавувачот или поради не доставена документација во Секторот за финансии и управување со ресурси (СФУР). Побарувањата за дадени аванси потекнуваат од 1994 во континуитет до 2004 година, со пренесена состојба од минати години во износ од 992.679 илјади денари (види точка 4.5. од Образложенијата кон извештајот). Освен за Сувенир Самоков, за кој е покрената стечајна постапка, ТД БЕ-МА за кое документацијата е доставена до МВР и Компани – Скопје, за кое се води судска постапка, со

31.12.2004 година министерството не презело мерки и активности за наплата или затворање на овие побарувања. Во текот на ревизијата, превземени се мерки за обезбедување документација и затварање на дел од овие побарувања.

**Препораки и мерки:**

1. Одговорните лица на Министерството за одбрана да превземат соодветни мерки за воведување на целокупната опрема, градежни објекти и материјали со кои располага министерството, во сметководствената евиденција и истите да ги прикажат вредносно. Обврската за евиденција на објектите, опремата и материјалите на АРМ на РМ да ја утврди Владата во согласност со стандардите на НАТО.
2. Министерството за одбрана да ја преиспита дозволената висина на парични средства во благајната и да ја усогласи со реалните потреби на министерството. За дозначените, а неоправдани парични средства од страна на воените аташеа, министерството да превземе мерки за навремено доставување на соодветната документација, а најдоцна до изготвувањето на пописот и годишната сметка. Доколку со пописот се констатираат отворени состојби, да се задолжат лицата кои се овластени за наменското трошење на дозначените средствата.
3. Министерот за одбрана да превземе конкретни мерки и активности во делот на исплатените, а неоправдани аванси по договори со добавувачите за исполнување на договорените обврски, согласно Законот за облигациони односи.

11.4. **Ненаменско и незаконско користење на средствата:**

11.4.1. Во 2004 година исплатени се средства за надоместок по основ на ангажирање и работа на надворешни лица за потребите на административно технички работи, за извршување на воени задачи, за медицински услуги од разни области и друго, во вкупен износ од 52.067 илјади денари. Дел од надоместоците, во износ од 42.617 илјади денари се исплатени преку Друштвото за заштита на авторски права Макара Бранка и Златко ДОО – Скопје, по договор од 2003 година, чиј предмет е ангажирање на лица со авторски договори и договори за дело. Исплатите по овој договор се вршат по фактури со прилог на списоци на лицата кои ги примиле средствата за што ДЗАП Макара пресметува провизија во висина од 6% од висината на надоместокот за ангажирање, како трошоци за застапување, со пресметан ДДВ. Според природата на извршените работи ревизијата констатира дека исплатите на трошоците на авторски надоместоци преку ДЗАП Макара, согласно Законот за авторско право и сродните права, не преставуваат авторско дело. Овие лица работата ја извршуваат всушност под категоријата работи за повремени и привремени работи, односно договор за дело, иако работат континуирано во подолг временски период. Поголем дел од работите кои ги извршуват не се предвидени со актот за систематизација на министерството. Остатокот од 9.448 илјади денари исплатени се по основ на договор за дело со министерството, без посредништво на Макара. Поголемиот дел од информациите, задачите и работите во МО се квалификуваат како работи со статус на државна тајна што треба да ги извршуваат редовно вработени лица кои ги исполнуваат условите пропишани за соодветниот вид на работа. Ревизијата не доби на увид никаков пишан документ (анализа, елаборат и сл.) за утврдување на потребите од ангажирање на надворешни лица. Со ангажирањето на надворешни лица на овој начин,



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:211-262, факс:126-311*

Министерството за одбрана ги избегнува одредбите од Законот за извршување на буџетот, Законот за работни односи, Законите за даноци и придонеси од плата, Законот за облигациони односи и други, што има за последица неосновано потрошени државни средства.

11.4.2. Во рамките на Буџетот на Министерството за одбрана одобрени се и префрлени средства од Буџетот на РМ за тековна резерва во износ од 15.355 илјади денари, спротивно на Законот за буџетите според кој тековната резерва е расход на централниот буџет и за користење на овие средства на предлог на министерот за финансии одлучува Владата на РМ. Анализирајќи ги намените на средствата исплатени од оваа ставка, ревизијата констатира дека се работи за расходи кои можеле да се планираат и не се од витално значење за функционирањето на министерството, односно дека нема основ за издвојување на посебна ставка во буџетот. Средствата се наменети за патни трошоци, авторски договори и договори за дело, годишни режиски трошоци на Евроатлански клуб, спроведени истражувања и набавки од мала вредност. Исплатата на средства од тековната резерва за намени за кои се одобрени редовни ставки во буџетот, влијае на реалноста и објективноста на искажаните билансни позиции во Билансот на приходи и расходи.

11.4.3. Министерството за одбрана во 2004 година исплатило 9.000 илјади денари на Шумскиот резерват Јасен кој се јавува како корисник на средства од министерството и во минатите години. Средствата се исплатуваат паушално, без обврска Јасен да достави Програма на планирани активности, проценка на трошковни ставки, проценка на трошоци кои ќе се исплатуваат од приходи кои се остварени од самофинансирачки активности и извештај за постигнатите цели и резултати од претходната година. Ревизијата има обврска да истакне дека Шумскиот резерват Јасен во 2004 година остварил приход во износ од 38.321 илјада денари главно од сопствени извори. Од овие причини ревизијата неможеше да се увери во основаноста и оправданоста на средставата што Шумскиот резерват Јасен ги примил од министерството во 2004 година.

11.4.4. Со увид во начинот на примена на Законот за јавни набавки ревизијата го констатира следното:

- За изведување на градежни работи во вкупен износ од 55.795 илјади денари не се спроведени постапки за јавни набавки. Минстерството за одбрана се повикува на член 3 од ЗЈН според кој, одредбите од овој Закон не се применуваат на јавните набавки за делот кој има одбрамбен и безбедносен карактер на земјата, кои се прогласени за државна тајна и се повикува на Одлуката на Владата на РМ за определување на опрема, материјали и услуги од одбрамбен и безбедносен карактер. Најголем дел од набавките не се однесуваат на изградба на објекти од интерес за одбраната и безбедноста на земјата и нарушување на јавниот ред и мир како што е дефинирано во Одлуката при што истата се користи и за други активности (адаптација и реконструкција на постојни објекти) за кои треба да се спроведе постапка согласно Законот за јавни набавки. Прегледот е даден во Прилогот број 1 на страна 28 од Извештајот. Како последица на ваквото постапување ревизорите изразуваат сомневање дека постои субјективен избор од неколку понудувачи до кои се испраќа барање за доставување на понуда и од кои се избира еден носител на работата. Во прилог на ваквото сомневање се применетите необјективни критериуми за избор на

најповолен добавувач на што упатува Извештајот за бонитет од Централниот Депозитар. Во дел од случаите за носители се избрани фирми кои имаат од 1 до 3 вработени (Грединг, Вардар Инвест, Спектар Инжињеринг и др.) или се новоформирани друштва поради што не им е издадено мислење за бонитет. Ревизијата не можеше да се увери во деловениот потенцијал (кадровски и опременост) на избраните понудувачи и поради тоа што во дел од истите се ангажирани и подизведувачи што има за резултат работење по повисоки цени.

- Утврдена е хронолошка неусогласеност на документацијата односно градежните работи се извршени или се започнати, а отпосле формално правно се донесени актите согласно Законот за јавни набавки во вкупен износ од 1.868 илјади денари и тоа: реновирање на апартман во хотел Илинден од страна на фирмата Грединг од Скопје во вкупен износ од 596 илјади денари, реновирање на водоводна инсталација во касарна Гоце Делчев од страна на Спектар Инжињеринг во износ од 420 илјади денари, набавка на мебел за авто кампот Свети Наум од фирмата Евросалон од Охрид и набавка на мебел од Еуро опрема од Скопје, во износ од 273 илјади денари.
- Вршени се набавки од ист добавувач повеќе пати во текот на годината во вкупен износ од 3.402 илјади денари, со намера да се избегнат одредбите од Законот за јавни набавки: набавувани се резервни делови во неколку наврати во вкупен износ од 282 илјади денари од Еликс-пром, набавувани се делови од К.М 8.8 во износ од 470 илјади денари, автоделови во вкупен износ од 254 илјади денари од Пана, електроделови во износ од 258 илјади денари од Китан ТД и вршен е транспорт на возила со фирмата Макаус во вкупен износ од 2.138 илјади денари, без спроведена постапка за јавна набавка.
- Ревизијата исто така утврди дека во министерството има појава на пречекорување на договорените количини и надминување на договорените износи кај следните добавувачи:

| Ред. Број | Добавувач | Износ (во 000 денари) |
|---|---|---|
| 1 | Агроплод – Ресен | 3,512 |
| 2 | Мултикрем – Штип | 5,898 |
| 3 | ИБМ – Млекара Битола | 3,080 |
| 4 | Европа – Скопје | 2,586 |
| 5 | Агропан Војо | 2,804 |
| | **Вкупно пречекорување** | **17,880** |

**Препораки и мерки:**

1. Министерот за одбранада ја преиспита потребата од големиот број на ангажирања на надворешиио лица по договор за дело и по основ на авторски надоместоци и да преземе соодветни мерки за нивно редовно вработување доколку од тој профил на кадар има потреба.
2. Министерството за одбрана во својот буџет да не ја планира тековната резерва бидејќи тековната резерва е расход на Централниот буџет на РМ, а Министерството за финансии да ја преиспита потребата за одобрување на оваа ставка во буџетот на Министерството за одбрана, бидејќи е спротивно на Законот за буџетите и Законот за извршување на буџетот.
3. Министерството за одбрана и Шумскиот резерват Јасен, меѓусебните права и обврски да ги регулира со Договор.



*ул: "Маршал Тито" - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:211-262, факс:126-311* ---------------------------------------

4. Одговорните лица за водење на постапките за јавни набавки, да преземат мерки за доследна примена на Законот за јавни набавки, посебно на членот 3 од Законот и одредбите од Одлуката на Владата за определување на опрема, материјали и услуги од одбранбен и безбедносен карактер.

### 11.5. Слабости на финансиско раководење и известување

11.5.1. Министерството за одбрана во 2004 година на име трошоци по судски пресуди исплатило 110.473 илјади денари, за неподмирени обврски од минати години кои непредвидено го оптеретиле буџетот на министерството. Ревизијата има обврска да укаже дека овие трошоци се предизвикани од ненавремено подмирување на обврските кон добавувачите во рокови утврдени со договори, со што се создале нови обврски по основ на камата и камата на камата, кои по судски пат и извршни судски решенија паѓаат на терет на идните буџетски години на министерството.

12. Според наше мислење, а поради необезбедена адекватна сметководствена евиденција за постојаните средства и залихата на материјалите како и поради нерасчистените состојби на салдата на парични средства и дадени аванси од минати години кои се дадени во точките 11.2. и 11.3. ревизијата не беше во можност да се увери во реалноста и објективноста на финансиските извештаи на Министерството за одбрана – средства од Буџетот на РМ на ден 31 Декември 2004 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката 11.4., кај Министерството за одбрана – средства од Буџетот на РМ, не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

14. Обрнуваме внимание дека Министерството за одбрана била тужена странка во судски спор по основ на тужбено барање на физичко лице (Џемаили Иснифарис) за настаната штета по гранатирање на бачило на ден 27.06.2001 година од страна на борбен хелихоптер во сопственост на АРМ, при што му е причинета штета со усмртување и повредување на извесен број добиток и изгубена заработувачка. Со усвојувањето на тужбеното барање и правосилноста на пресудата од планираниот и одобрен Буџетот на министерството за одбрана непланирано се одлеани 34.591 илјада денари во 2004 година од вкупното тужбено барање кое изнесува 44.368 илјади денари. Ненајавената и непланирана реализација на судското решенија има за последица не реализирани тековни обврски на министерството во 2004 година кои се пренесуваат како обврска и го теретат буџетот на министерството и во 2005 година.

15. Ревизијата има обврска да укаже дека Министерството за одбрана нема превземено мерки по основ на препораките дадени во ревизорскиот извештај за 2001 година, посебно од аспект на доследна примена на Законот за јавни набавки и расчистувањето на дадените аванси и ненаплатените побарувања.

**Скопје, 02.11. 2005 година** **Овластен државен ревизор**

**Танка Блажевска**

__________________

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ РАСХОДИ ЗА 2004 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 5,549,987 | 5,963,325 |
| **Вкупно приходи** | | **5,549,987** | **5,963,325** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 3,075,119 | 3,025,699 |
| Стоки и други услуги | 3.2.2. | 2,180,795 | 2,725,575 |
| Тековни трансфери | 3.2.3. | 13,000 | 102,238 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **5,268,914** | **5,853,512** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.3.1. | 281,073 | 109,813 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **281,073** | **109,813** |
| **Вкупно расходи** | | **5,549,987** | **5,963,325** |
| **Остварен вишок на приходи** | | **0** | **0** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:211-262, факс:126-311*

*Овластен Државен ревизор*

---------------------------------------

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31. ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 23,172 | 28,160 |
| Побарувања | 4.1.2. | 0 | 771 |
| Побарувања од вработените | 4.1.3. | 19,900 | 14,958 |
| Финансиски и пресметковни односи | | 0 | 1 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.4. | 270,387 | 306,108 |
| **Вкупно тековни средства** | | **313,459** | **349,998** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2.1. | 12,483,070 | 12,483,070 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 1,493,114,876 | 1,509,653,90 2 |
| **Вкупно постојани средства** | | **1,505,597,946** | **1,522,136,97 2** |
| **Вкупна актива** | | **1,505,911,405** | **1,522,486,97 0** |
| **Вонбилансна евиденција** | | **1,102,262** | **1,066,399** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 55,877 | 120,200 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.3.2. | 76 | 4,885 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.3. | 221,697 | 222,003 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.4. | 36,805 | 3,421 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **314,455** | **350,509** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 1,505,596,950 | 1,522,136,46 1 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **1,505,596,950** | **1,522,136,46 1** |
| **Вкупна пасива** | | **1,505,911,405** | **1,522,486,97 0** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Вонбилансна евиденција** | 4.5. | **1,102,262** | **1,066,399** |

**ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА
2004 ГОДИНА**

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал |
|---|---|
| **Состојба 01.01.2004 година** | **1,522,136,461** |
| **Зголемување по основ на:** | **28** |
| Друго | 28 |
| **Намалување по основ на:** | **16,539,539** |
| Амортизација | 16,539,026 |
| Друго | 513 |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **1,505,596,950** |


*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:211-262, факс:126-311*

*Овластен Државен ревизор*

---------------------------------------

## ПРИЛОГ БРОЈ 1

**Набавки кои се повикуваат на член 3 од Законот за јавни набавки и за кои не е спроведена постапка и набавки спроведени со Одлуката за определување на опрема, материјали и услуги од одбрамбен и безбедносен карактер за кои исто така не е спроведена постапка**

во 000 денари

| Реден број | Име на фирмата | Извршени работи | Исплатено 2004 |
|---|---|---|---|
| 1 | Грединг | реновирање на апартман во хотел Илинден | 596 |
| 2 | Вил Градба | адаптација на објект 44 к. Илинден | 16,087 |
| 4 | Инком Инжињеринг | молерофарбарски работи к. С. Наумов БТ објекти 98, 99 и100 | 1,501 |
| 5 | Грединг | извршени работи на павиљони 9, 10, 11 и амбуланта во к. Велес | 8,228 |
| 6 | Иднина Инжињеринг | извршени градежни работи на објект во к. Велес | 8,729 |
| 7 | Енергомонтажа | реконструкција на парен канал | 545 |
| 8 | МИГ Скопје | реконструкција на кров на Дом на АРМ во Штип | 1,000 |
| 9 | Евросалон | набавка на мебел за опремување на апартман во камп Св. Наум | 579 |
| 10 | ТермоИнвест | извршени работи на објект на ГШ на АРМ | 1,349 |
| 11 | Еуро опрема | набавка на канцелариски мебел | 273 |
| 12 | Динамика Ванчо | санација на објект КН-137 к. Петровец | 520 |
| 13 | Адинг | реконструкција на 3 и 4 спрат Воена Болница | 4,086 |
| 14 | Вил Градба | реконструкција на објект на дијагностички центар Ѓ Петров | 450 |
| 15 | Еурогума | набавка на гуми за моторни возила | 861 |
| 16 | Лабино експорт | чистење на пристапни патишта | 2,531 |
| 17 | ГП Победа | чистење на пристапни патишта | 2,426 |
| 18 | Македонски шуми | чистење на пристапни патишта | 708 |
| 19 | Транс мет | изградба на караула Кајчиновец и пат | 5,326 |
| | | **Вкупно** | **55,795** |